Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
~~Сектор за управување со човечки ресурси и~~
информатичка технологија

тел. 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk
~~тел.02/2785-462~~
coveckiresursi@kiselavoda.gov.mk

Бр.04 -6936/ 9
од 05-08-2025 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 11, член 52 став 3 и став 5 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, бр.199/14, бр.48/15, бр.154/15, бр.5/16, бр.142/16 и бр.11/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија, бр.275/19 ,бр.14/20, бр.215/21 и бр.99/22), Секретарот на Општина Кисела Вода, донесе

**ОДЛУКА**
**за невршење на избор на кандидат за унапредување по Интерен оглас 18/2025**

1.НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР на кандидат за унапредување на административен службеник по Интерен оглас 18/2025 во Општина Кисела Вода за извршител на работно место **советник за планирање на локален економски развој, одделение за планирање и поддршка на ЛЕР и унапредување на енергетската ефикасност, Сектор за локален економски развој – 1 извршител,** со шифра на работно место **УПР0101В01000**.

2.Одлуката од Точка 1 ќе се објави на веб страната на Општина Кисела Вода.

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

На ден 18.07.2025 год. на веб страната на Општина Кисела Вода и Агенција за администрација е објавен Интерен оглас 18/2025 за унапредување на 1 (еден) административен службеник за работно место **советник за планирање на локален економски развој, одделение за планирање и поддршка на ЛЕР и унапредување на енергетската ефикасност, Сектор за локален економски развој.**

Врз основа на објавениот Интерен оглас, Комисијата за селекција за унапредување формирана со Решение бр.04-6936/6 од 31.07.2025 год. спроведе административна селекција по интерен оглас за што состави Записник бр.04-6936/7 од 04.08.2025 год. Комисијата констатирала дека на интерниот оглас за горенаденото работно место се пријавиле 1 (еден) кандидат од кои 0 (нула) уредни и 1 (еден) неуреден кандидат. Кај единствениот пријавен неуреден кандидат Кристина Димитриевска како причина за неуредност е констатирано дека нема доволно работно искуство во струката, односно нема три години по дипломирањето на соодветниот степен на образование потребен за работното место.

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
Сектор за управување со човечки ресурси и информатичка технологија

тел. 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk
тел.02/2785-462
coveckiresursi@kiselavoda.gov.mk

Имајќи го во предвид претходно наведеното на огласот нема ниту еден уреден кандидат и согласно член 52 став 3 од Закон за административни службеници се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на одлуката на веб страната на институцијата.

Изработил
Далибор Стојановски

**СЕКРЕТАР**
**на Општина Кисела Вода**
**м-р Мирко Ивановски**

Доставено до:
- Именуваниот
- Интернет страната на Општина Кисела Вода
- Сектор за управување со човечки ресурси и ИТ
- архива